ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 30 – 7183/1
16.11 2026 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ

ЈАВЕН ПОВИК

за доделување бесплатни садници за дворните и зелените површини на колективните станбени објекти на територијата на Општина Гази Баба

Во насока на заштита и унапредување на животната средина, зголемување на зелените површини, подобрување на микроклиматските услови и квалитетот на живеење, Општина Гази Баба објавува Јавен повик за доделување бесплатни садници за хортикултурно уредување на дворните и зелените површини околу колективните станбени објекти.

Целта на оваа активност е збогатување на постојниот зелен фонд, уредување на заедничките дворни површини и создавање поздрава, поубава и попријатна животна средина за граѓаните.

Проектот ќе се реализира во соработка со ЈКП „Гази Баба 2007“, кое ќе учествува во изборот на соодветни садници, утврдувањето на погодноста на локациите и организираното засадување на садниците.

1. Право на учество

Право на учество на Јавниот повик имаат управителите на станбените згради, односно овластените претставници на заедниците на сопственици на станари од колективните станбени објекти, кои се наоѓаат на територијата на Општина Гази Баба.

Барањата се поднесуваат заза бесплатни садници за хортикултурно уредување на заедничките дворни и зелени површини околу колективните станбени објекти, за кои постојат соодветни просторни, технички и правни услови за засадување.

За површините што се во заедничка сопственост или користење, потребно е да биде обезбедена соодветна согласност од сопствениците, согласно прописите за домување и управување со заедничките делови на станбените објекти.

Доколку предложената локација претставува јавна зелена површина или земјиште во сопственост на друг субјект, засадувањето ќе може да се реализира само по претходно обезбедена согласност од надлежниот орган, односно сопственикот или корисникот на површината.

2. Начин на пријавување

Заинтересираните управители, односно овластени претставници, потребно е да поднесат писмено барање преку Архивата на Општина Гази Баба, на адреса ул. „Архимедова“ бр. 2, Скопје.

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

- Назив и адреса на колективниот станбен објект;
- Име и презиме на управителот или овластениот претставник;
- Контакт-телефон и електронска адреса, доколку е достапна;

- Точна локација на дворната површина за која се бараат садници;
- Краток опис на површината што се планира да се уреди;
- Предлог за бројот и видот на садници, доколку постои определена потреба;
- Изјава за обезбедена согласност за засадување, согласно правниот статус на површината;
- Изјава за преземање обврска за редовно одржување на засаденото зеленило.

3. Разгледување на барањата и избор на локации

По приемот на барањата, Општина Гази Баба, во соработка со ЈКП „Гази Баба 2007“, ќе изврши нивно разгледување и процена на можностите за обезбедување на бесплатни садници за хортикултурно уредување на предложените локации.

При изборот на локациите ќе се земат предвид расположливата површина, постојното зеленило, погодноста на почвата, пристапноста, условите за засадување и можностите за понатамошно одржување.

Видот и бројот на садниците ќе се утврдуваат согласно потребите на конкретната локација, расположливите количини и стручната процена на ЈКП „Гази Баба 2007“.

Предност ќе имаат локациите со недоволно зеленило, за кои се обезбедени потребните согласности и постојат соодветни услови за одржување на засадените садници.

4. Реализација на засадувањето

Засадувањето на садниците ќе се реализира со непосредно учество и стручна и техничка поддршка на ЈКП „Гази Баба 2007“, во координација со Општина Гази Баба и управителите на избраните колективни станбени објекти.

ЈКП „Гази Баба 2007“ ќе учествува во подготовката на на местата за садење и засадувањето на садниците, согласно расположливите технички и кадровски капацитети.

За секоја одобрена локација ќе биде утврден соодветен термин за реализација на активноста, за кој управителите ќе бидат навремено известени.

Во активностите ќе можат да се вклучат и станарите, со цел поттикнување на заедничка грижа и одговорност за уредувањето на просторот во кој живеат.

5. Обврски за одржување на засаденото зеленило

Редовното одржување и грижата за засадените садници ќе бидат обврска на колективното домување, односно на заедницата на сопственици, преку управителот или овластениот претставник на станбениот објект.

Со поднесување на барањето, управителот, врз основа на соодветно овластување, ќе потврди дека станарите ја прифаќаат обврската за понатамошна грижа и одржување на засаденото зеленило.

Одржувањето опфаќа редовно полевање, нега, заштита од оштетување и преземање други потребни активности за правилен раст и развој на садниците.

По завршувањето на засадувањето, понатамошната грижа и одржување на зеленилото ќе бидат одговорност на колективното домување, а не редовна обврска на ЈКП „Гази Баба 2007“.

Целта на ваквиот пристап е да се обезбеди долгорочен опстанок на засадените дрвја и украсни растенија и одржливо уредување на заедничките дворни површини.

6. Рок и начин на поднесување на барањата

Јавниот повик ќе биде отворен од **17.11.2026** до **27.11.2026** година.

Барањата се доставуваат во Архивата на Општина Гази Баба, со назнака:

„За Јавен повик за доделување садници и хортикултурно уредување на колективни станбени објекти“.

7. Завршни одредби

Доделувањето на садниците и организираното засадување во рамките на проектот ќе бидат бесплатни за избраните колективни станбени објекти.

Општина Гази Баба, во соработка со ЈКП „Гази Баба 2007“, го задржува правото да го определи конечниот број и вид на садници, како и локациите што ќе бидат опфатени, во зависност од утврдените потреби, просторните услови и расположливите средства.

Поднесувањето барање не подразбира автоматско право на доделување садници, доколку не се исполнети условите од Јавниот повик.

Со реализацијата на оваа активност, Општина Гази Баба, ЈКП „Гази Баба 2007“ и граѓаните заеднички ќе придонесат кон зголемување на зелениот фонд, подобрување на животната средина и создавање уредени и пријатни простори за живеење.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски

изготвил
Никола Јовановски